# МАНИФЕСТ НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ЕВРОПА

Доаѓаме од многу различни земји, од многу различни опкружувања, но откривме дека се соочуваме со истите проблеми на работа и во секојдневниот живот.

Во овој документ се разгледуваат нееднаквостите и неправдите присутни во нашите животи и во сексуалната индустрија во моментов; се дискутираат нивните извори; се спротивставуваат и предизвикуваат и е дадена нашата визија за промените кои се потребни за да се создаде поеднакво општество во кое сексуалните работници, нивните права и труд се препознати и вреднувани.

**Овој манифест е разработен и усвоен од 120 сексуални работници од 26 земји на Европската Конференција за сексуална работа, човекови права, труд и миграции одржана на 15 - 17 Октомври 2005 година, во Брисел, Белгија.**

# Над толеранцијата и сочувството
# заради препознавање на правата

Живееме во општество во кое се купуваат и продаваат различни услуги. Сексуалната работа е една од тие услуги. Таа не треба да се криминализира.

Жртвувањето на сексуалните работници од сексуални или религиозни морални причини е неприфатливо. Сите луѓе имаат право на сопствени лични религиозни и сексуални морални вредности, но моралните вредности не смеат да се наложуваат врз никој, ниту пак да влијаат врз некои политички одлуки.

Сакаме општество во кое на КСР не им се одбива социјална моќ.

Ја осудуваме хипокризијата во нашите општества каде нашите услуги се користат но нашата професија или бизнис се сметаат за нелегални. Законите водат до злоупотреби и недостаток од контрола врз нашата работа и животи.

Се спротивставуваме на криминализацијата на сексуалните работници, нивните партнери, клиенти, менаџери, и сите други кои се вклучени во сексуалната работа, Ваквата криминализација им го оспорува на сексуалните работници правото за еднаква заштита пред законот.

Миграцијата игра важна улога во задоволувањето на барањата на пазарот на трудот. Бараме нашите влади да ги препознаат и применат основните човечки, работнички и граѓански права за мигранти.

## Правото на слобода од дискриминација

Бараме крај на дискриминацијата и злоупотребата на моќта од страна на полицијата и другите јавни власти. Нудењето сексуални услуги не е покана за какво и да е насилство. Непостоењето кредибилитет за сексуалните работници мора да прекине.

Бараме криминалните дела против нас и нашите сведоштва да бидат сфатени сериозно од правниот систем. И сексуалните работници треба, исто колку и секој друг, да се претпоставуваат невини се дури не им се докаже вината.

Оцрнувањето на сексуалните работници поттикнува дискриминација и омраза. Бараме сексуалните работници да бидат заштитени со законите против дискриминација.

## Право на нашите тела

Сексуалната работа по дефиниција значи доброволен секс. Неконсензуалниот секс не е сексуална работа; тоа е сексуално насилство или ропство.

Си го бараме нашето право како човечки суштества на користење на нашите тела на начини кои нема да не повредат; вклучувајќи го и правото на консензуални сексуални односи, независно од полот или етничката припадност на нашите партнери; независно од тоа дали плаќаат или не.

## Правото на глас

Си го потврдуваме правото на учество во јавни форуми и политички дебати, каде нашите работни и животни услови се дискутираат или одредуваат.

Бараме нашиот глас да се слушне, и да се почитува. Нашите искуства се разновидни, но се вредни, и ние ги осудуваме сите оние кои го крадат нашиот глас и кои велат дека немаме капацитет за носење одлуки и артикулирање на нашите потреби.

## Правото на поврзување и собирање

Си го потврдуваме правото за формирање и учество во професионални асоцијации и сојузи.
Си го потврдуваме правото за јавни демонстрации.
Го бараме правото на формирање деловни партнерства, како формални така и неформални, и правото на учество во социјални проекти.

## Правото на движење

Си го потврдуваме правото да присуствуваме на јавни места.
Го бараме правото на сите луѓе да се движат во и помеѓу земјите од лични и финансиски причини, вклучувајќи и барање платена работа и сместување во област по свој избор.

Дискусиите околу проблемот со трговијата со луѓе фрлаат сенка врз правата на мигрантите. Ваквиот симплистички пристап кон ова комплексно прашање ја засилува дискриминацијата, насилството и експлоатацијата на мигрантите, сексуалните работници а особено на мигрантните сексуални работници.

Насилството, примената на сила и експлоатацијата поврзани со миграцијата и сексуалната работа мора да се разберат и решат со препознавање на вредноста и основните права на мигрантите.

Рестриктивните миграциски закони и политиките против проституцијата мора да се препознаат како фактори кои придонесуваат кон кршење на правата на мигрантите.

Принудната работа и робовскиот однос се можни во многу трговски области. Но постојат легални трговии во кои трудот на работниците е препознат, повозможно е да се стави крај на прекршувањата на правата и да се спречи злоупотребата.

Бараме нашите влади да направат приоритети и да ги заштитат човековите права на жртвите од принудна работа и робовска пракса, независно од тоа како стигнале до таа ситуација и независно од нивната способност или спремност да соработуваат или да сведочат во кривични постапки.

Ги повикуваме нашите влади да им дадат азил на жртвите од принудна работа и робовски односи, и да ги заштитат нивните семејства и пријатели. Доколку ова не се случи, се продолжува експлоатацијата и уште повеќе се кршат човековите права.

## Злоупотреба во сексуалната работа

Злоупотебите постојат во сексуалната работа, но не ја дефинираат.

Секој дискурс кој ја дефинира сексуалната работа како насилство е упростен приод со кој се одрекува нашата разноврсност, и кој не сведува на беспомошни жртви. Така се поткопува нашата автономност и правото на само-определување.

Рестриктивните закони придонесуваат кон дискриминација, стигма и злоставување на сексуалните работници.

Бараме нашите влади да ја декриминализираат сексуалната работа и да ги отповикаат законите со кои сме дискриминирани или стигматизирани. Го бараме правото да можеме да ги пријавуваме злоставувањата против нас, без притоа да сме цел на одмазда.

Давањето права на сексуалните работници би им дозволило да ги пријавуваат прекршувањата на нивните човекови права.

Бараме заштита од оние кои ни се заканувaат нам и на нашите семејства за нивно разоткривање.

Бараме методи кои ќе ни дозволат да останаме анонимни при пријавување на прекршоци против нас.

## Злоставување на младите во сексуалната работа

Од основно значење е образованието да се фокусира на давање сила на младите луѓе да имаат сексуална автономија. Бараме поддршка, услуги и теренски програми кои ќе им дадат вистински избор и можности на избор на младите луѓе.

Младите луѓе треба да имаат право на глас при изготвувањето на законите и политиките кои влијаат врз нив.

# Нашите животи

## Да се биде сексуален работник

Општеството наложува „идентитет“ и „социјална улога“ врз сексуалните работници која оди подалеку од препознавање на тоа дека ги користиме нашите тела и умови како економски индивидуален ресурс за заработка на пари.

„Идентитетот“ и „социјалната улога“ која ни е наложена не дефинира како вродено невредни и како закана по моралот, јавниот ред и мир; кога не означувате како „грешници“, криминалци или жртви, со стигма нѐ одделувате од „добрите“ и „чесни“ граѓани и останатото општество.

Стигмата води кон тоа луѓето да не гледаат само како „курви“ на негативен и стереотипен начин – другите делови од нашите животи и разликите помеѓу нив, стануваат невидливи. Со тоа ни се одбива место во општеството. За да се заштитиме и да си го обезбедиме местото во општеството, повеќето од нас кријат што работат, многумина ја прифаќаат социјалната стигма на срам и недостојност, и живеат во страв дека ќе се дознае што работат. Од таа причина, многу сексуални работници ги прифаќаат злоставувањата врз нив. Социјалната ексклузија која резултира од стигматизација на сексуалните работници, води кон одбивање пристап до здравствени услуги, сместување, алтернативни работи, одделување од нашите деца и изолација.

Општествените перцепции наложуваат морална хиерархија во самата сексуална индустрија – врз основа на мигрантскиот статус, етничко потекло, пол, возраст, сексуална определба, користење на дрога, поле на работа и типови на услуги кои ги нудат – додавајќи кон стигмата и социјалната ексклузија на одредени групи сексуални работници. Помеѓу самите сексуални работници има такви кои се согласуваат со ваквите погледи. Тврдиме дека *сите* сексуални работници и *сите* форми на сексуалната работа се еднакво валидни и вредни и ги осудуваме овие морални поделби полни со предрасуди.

## Активни граѓани

Сексуалните работници не треба да се сметаат само за жртви на кои треба да им се помогне, криминалци кои треба да се апсат или цели на јавни здравствени интервенции  - ние сме дел од општестово, со потреби и аспирации, кои имаат потенцијал навистина вредно да придонесат кон заедницата.

Бараме модерни механизми за претставување и консултација кои ќе им бидат достапни на сексуалните работници.

## Приватност и семејство

Го потврдуваме нашето право на слобода од арбитрарно мешање во нашата приватност и семејство како и да стапуваме во брак и да формираме семејство.

Ние сме способни човечки суштества кои можат да сакаат и да се грижат за други луѓе – како и секој друг. Нашата работа понекогаш ни дава повеќе финансиска сигурност и време за деца или партнер од некои други послабо платени а подолготрајни типови на работа.
Означувањето на нашите партнери како макроа или експлоататори / злоупотребувачи само затоа што се наши партнери, значи носење на пребрз заклучок дека немаме автономија и имплицира дека не сме вредни за љубов или врски, со тоа одбивајќи ни ја можноста за интимен живот.
Го потврдуваме нашето право на воспоставување лични врски и на само-одредување во тие врски без осуда.
Бараме крај на дискриминаторските закони кои ни ограничуваат да бидеме со некој и да стапуваме во брак со партнер по наш избор, и кои ги криминализираат нашите партнери и деца затоа што се со нас или живеат од нашата заработувачка.

Нашето обележување од социјалните служби и судови како несоодветни родители и одземањето на нашите деца затоа што даваме сексуални услуги, е неправедно и неприфатливо. Таквата стигматизација не ни дозволува да побараме поддршка и помош доколку ни треба при родителствувањето или доколку сме во злоупотребувачки врски, поради тоа што се плашиме да не ги изгубиме нашите деца.

Бараме крај на ваквата дискриминација.

## Медиуми и едукација

Нашите гласови и искуства се често манипулирани од медиумите и ретко кога ни е дадена шанса да одговориме или пак нашите поплаки се отфрлаат како несериозни.

Сликата на сексуалните работници во масовните медиуми пречесто го поттикнува класичниот стереотип за сексуалните работници како безвредни, или како закана за моралниот, јавен и социјален ред и мир. Особено, ксенофобичната слика на мигрантните сексуални работници додава дополнително ниво на стигма и ја зголемува нашата ранливост. Овие слики за сексуалните работници им даваат легитимитет на оние во нашето општество кои сакаат да не повредат и да ни ги прекршат нашите права.

Заедно со овие погрешни слики за сексуалните работници, нашите клиенти се претставени како насилни, перверзни или психолошки пореметени. Плаќањето на сексуалните услуги не е само по себе насилно или проблематично однесување. Ваквото креирање на стереотипи ја затајува дискусијата околу реалноста во сексуалната индустрија – ја поттикнува нашата изолација и го прикрива реалното насилно или проблематично однесување на мал, но значаен број клиенти.
Предрасудите и дискриминацијата против сексуалните работници ги има низ целото општество. За да се надмине ова, бараме од нашите влади да ја препознаат реалната штета која ни се причинува, и вредноста на нашата работа, и да не поддржат нас и нашите клиенти во едуцирањето и информирањето не само на оние од јавните власти туку и целата јавност, за да можеме целосно да учествуваме во нашето општество.

## Борба против насилството врз сексуалните работници

Сексуалните работници подлежат на големо насилство и криминал. Стигматизацијата на сексуалните работници не однесе кон општество и јавни власти кои го одобруваат ова насилство и криминалот против сексуалните работници, затоа што се смета како природно за тој тип на работа.

Бараме нашите власти јавно да ги осудат оние кои се насилни против нас.

Бараме нашите власти да преземат активности во борба против насилството кое го трпиме, наместо против наводното насилство од проституцијата кое го пропагираат аболиционистите, барајќи начини да ги уништат сите форми на сексуална работа.

Времето и ресурсите кои сега се трошат на апсење и осудување на сексуалните работници и ненасилни клиенти, треба да се насочи кон справување со силувањата и другите насилни прекршоци против нас.

Потребно е да се развијат механизми за поттикнување и поддршка на сексуални работници при пријавувањето на прекршоците, вклучувајќи и системи за рано предупредување помеѓу самите сексуални работници за потенцијално насилни клиенти.

## Здравје и благосостојба

Никој, а најмалку сексуалните работници, не може да одрече дека не постојат здравствени ризици поврзани со сексуалната работа, но сепак, мит е дека сме `валкани` и `нечисти`. Всушност, ние знаеме многу повеќе за сексуалното здравје и практикувањето на безбеден секс одошто јавоста и делувме како сексуални здравствени едукатори за нашите клиенти.

Повикуваме на препознавање на нашата улога во заедницата како на вреден извор на сексуална благосостојба и промовирање на здравјето во обаа област.

Стигмата и понатаму е бариера за здравствената грижа на сексуалните работници. Предрасудите и дискриминацијата се случуваат во рамки на здравствените огранизации каде сексуалните работници подлежат на понижувачки и потценувачки однос од некои здравствени работници.

Бараме *сите* здравствени работници да се однесуваат кон нас со почит и дигнитет и сите наши поплаки за дискриминаторски третман сериозно да се разгледуваат.

За унапредување на благосостојбата на сексуалните работници бараме нашите влади да овозможат:

- пристап до здравствените услуги за *сите* мигрантни сексуални работници
- пристап до услуги за размена на игли и опции за лекување од дрога за зависните корисници на дрога
- пристап до опции за третман за сите луѓе кои живеат со ХИВ, без кој многумина непотребно ќе умрат.
- пристап до транзициски третмански опции за транссексуалците

## Регистрирање и задолжително тестирање

Регистрирањето и задолжителното тестирање на сексуалите работници нема никаква превентивна вредност, особено кога нема барање за тестирање и на клиентите. Онаму кадешто сеуште постои задолжително тестирање една од последиците е дека клиентите претпоставуваат дека сексуалните работници се `здрави` па затоа одбиваат да користат кондоми, затоа што себеси не се гледаат како закана за сексуалниот работник.

Регистрирањето и задолжителното тестирање за ХИВ и сексуално здравје претставува кршење на човековите права на сексуалните работници, ја зајакнува стигматизацијата на сексуалните работници како закана за јавното здравје и го поттикнува стереотипот за тоа дека само сексуалните работници можат да им пренесат заразите на своите клиенти, но не и обратно.

Бараме крај за регистрирањето и задолжителното тестирање.

## Право на патување, мигрирање, азил

Немањето можност за мигрирање ги става нашиот интегритет и здравје во опасност. Бараме сексуалните работници да бидат слободни да патуваат во рамките на сопствената држава и надвор од неа, и да мигрираат без дискриминација поради нашата работа.

Бараме право на азил за оние сексуални работници кои се подложени на државно и/или насилство од заедницата, поради продавање на сексуални услуги.

Бараме право на азил за сите на кои им се одбиени човековите права поради `прекршок поради статус` - независно дали тоа е сексуална работа, здравствена состојба, пол или сексуална ориентација.

## Нашиот труд

Нашите тела и ум се индивидуален економски ресурс за многу луѓе во многу различни форми. Сите форми на сексуална работа се еднакво важни вклучувајќи танцување, стриптиз, улична или затворена проституција, ескорт, телефонски секс или порнографски изведби.

За некои платениот секс е нивна приватна работа, и како такви тие функционираат надвор од пазарот на трудот.

За многу други сексот е професионална активност, и додека некои работат независно, други работат колективно а многу се и вработени од трети страни. За нив сексуалната работа е доходовна активност, и мора да се признае како труд.
Алиенацијата, експлоатацијата, злоупотребата и насилството постојат во сексуалната индустрија, како и во сите други индустрии, но овие работи не не дефинираат ниту нас ниту нашата индустрија. Сепак, можно е да се постават ограничувања кога еден тип на труд се препознава како таков, се прифаќа од општеството и е поддржан од синдикат. Кога работничките права се проширени тоа им дава право на работниците да ги користат работничките права за да пријават злоупотреби или пак да се организираат против неприфатливи работни односи и претерана злоупотреба.

Непрепознавањето на сексуалната работа како труд и криминализација на активностите околу сексуалната индустрија води кон третирање на сексуалните работници како криминалци, дури и кога не ги прекршуваат законите. Таквиот однос не одделува од останатото општество и ја намалува нашата способност за контрола на нашата работа и животи. Создава поголеми можности за неконтролирана експлоатација, злоупотреба или примена на сила – неприфатливо работно време, нехигиенски работни услови, нефер поделба на приходите и неразумни рестрикции на слободата на движење – одредени групи на сексуални работници, како што се мигрантите, се премногу погодени од неприфатливите работни услови.

Бараме препознавање на нашето право на заштита со законот со што ќе се обезбедат праведни и соодветни работни услови, награда и заштита при невработеност.

Бараме сексуалната работа да се препознае како регуларно доходовно вработување, за мигрантите да можат да поднесуваат барања за работа или престој, како и да им се овозможи на мигрантите со документи и оние без документи целосни работнички права.

Бараме создавање на Омбудсман на Европската Комисија кој ќе биде задолжен да ги надгледува законите во сексуалната индустрија. Ова може да биде нова функција, или дел од постоечката.

## Професионален и личен развој

Си го бараме правото на приклучување кон и формирање на синдикати.

Ние како сексуални работници ги бараме истите можности за професионален развој како и другите работници. Го бараме правото на можност за развивање професионални обуки и советувачки бироа, вклучувајќи и поддршка за воспоставување на сопствен бизнис и независна работа.

Го потврдуваме нашето право на патување и работење во други земји. Потребен е пристап до информации за работата во сексуалната индустрија и нејзините различни делови.

Бараме соодветно признавање на странско образование и квалификување.

Бараме примена на законите против дискриминација и врз сексуалната индустрија и врз сексуалните работници кои бараат алтернативно вработување, со оглед на специфичните потешкотии со кои се соочуваат сексуалните работници како последица од стигмата која постои овде.

Повикуваме на поддршка за сексуалните работници кои сакаат да го продолжат своето образование или кои бараат алтернативно вработување.

## Даноци и социјална помош

Потврдуваме дека обврска на сите граѓани е финансиски да го поддржуваат општеството во кое живеат. Сепак, кога сексуалните работници не ги примаат истите бенефиции како останатите граѓани а и нашето право на еднаква заштита со закон ни е одбиено, некои сексуални работници не ја чувствуваат таа обврска.

Бараме пристап до социјално осигурување со кое ќе имаме право на заштита при невработеност или боледување, пензии и здравствена грижа.

Сексуалните работници би требало да плаќаат данок исто како и другите вработени и независни работници но би требало да ги користат и истите поволности. Шемите за оданочување треба да се користат како средство за регистрирање на сексуалните

работници и тука проблемите кои произлегуваат од стигмата и доверливоста мораат први да се решат.

Информациите за даноците мораат да бидат достапни и лесно разбирливи, и да се даваат во колку што е можно повеќе јазици за работниците-мигранти. Шемите за оданочување мораат да бидат транспаренти и лесно разбириливи со цел да се избегне експлоатација и злоупотреба на работниците.

Купувањето на одредени добра и услуги, вклучувајќи и здравствени услуги, каде што тоа веќе било платено, треба да се одбиваат од данокот.

## Здравје и безбедност на работното место

Нашите тела се наша работа. Со цел да го одржиме нашето здравје бараме бесплатни или достапни а безбедни сексуални производи и пристап до здравствена грижа.
Бараме нашите влади да го забранат конфискувањето на кондоми и други производи за безбеден секс од сексуалните работници и од местата каде тие работат.
Бараме нашите влади да овозможат бесплатни или достапни пристапи до сексуална здравствена грижа за *сите* сексуални работници, вклучувајќи и вакцинирање.

Бараме сите здравствени потреби на сексуалните работници да бидат вклучени *сите* здравствени осигурителни шеми и да ни е овозможено платено боледување при болести поврзани со нашата работа , како што е случајот кај другите професии.

Насилството на секое работно место е здравствен и безбедносен проблем. Нашите работодавци имаат обврска да не штитат и да преземат активности против оние кои го прекршуваат нашето право на безбедност на работното место.

Бараме нашите влади сериозно да го сфатат нашето здравје и безбедност и да промовираат безбедни работни средини во кои насилството и злоупотребата нема да се толерираат. Поради тоа ги поттикнуваме да воспостават телефонска линија на која сексуалните работници ќе можат да бараат совет и анонимно да известуваат за злоупотреби.

## Работни услови

Фактот што сексот станува работа не го поништува нашето право да имаме контрола врз изборот на партнер, или за избор на типот сексуални услуги кои ги нудиме или за условите во кои ќе ги даваме тие услуги.

Бараме право да ја работиме својата работа без присилби, да се движиме во рамките на сексуалната индустрија и да ја напуштиме доколку избереме така.

Бараме право да кажеме не на секој клиент или услуга. Нашите менаџери не смеат да имаат право да ги одредуваат услугите кои ги нудиме или условите во кои овие услуги ќе се нудат – независно дали сме вработени некаде или `самовработени`.

Бараме право на фер услови за работа – како на пример, право на минимална плата, паузи, минимално време на одмор и годишен одмор. Таквите услови треба да важат и за сите `самовработени` на колективното работно место.

Бараме крај на неприфатливите пракси, како што се барањата од сексуалните работници да конзумираат алкохол и/или дрога на работното место, да плаќаат прекумерно за храна, пијалок, услуги и облека на работното место.

Бараме да се даде приоритет врз здравјето и безбедноста на нашите работни места како и заштита на здравјето и безбедноста и на оние кои работат независно на јавните места.

Бараме нашите работодавци да се подлежат на законите за заштита на податоци и нашите лични податоци да се сметаат како доверливи информации и секаква злоупотреба на нашите податоци да се сфаќа сериозно од страна на властите.

Законите кои го регулираат работното време и услови се сложени, и важно е на сексуалните рабонтици да им се дадат јасни и точни информации кои ќе бидат изложени и на самите работни места, на неколку различни јазици со цел да се обезбеди дека сите мигранти имаат пристап до овие информации.

Со цел да ги подобриме работните услови, важно е да имаме можости за само-организирање и застапување на своите права. Ги повикуваме синдикатите да не поддржат во процесот на само-организирање како и во борбата за фер работни услови.

Повикуваме на назначување одредени области за улична проституција, во консултација со и согласност од сексуалните работници, за да им се овозможи на оние кои работат на јавни места да работат безбедно, без да се компромитира нивниот избор на работно место; таквите области ни овозможуваат да работиме колективно на места на кои ќе ги понудиме соодветните услуги, а полицијата ќе може да ни овозможи безбедност од мешање со криминалци и други.

## Декриминализација на сексуалната работа

Продавањето на сексуалните услуги и бидувањето сексуален работник е често поистоветено со криминал во нашите општества, дури и без да постои некаков одреден прекршок од наша страна. Хипокризијата на законите важечки во моментов лежи во фактот што криминализира многу активности во рамките на сексуалната индустрија кои ни овозможуваат да работиме колективно и безбедно. Таквите закони, за кои владите ни кажуваат дека не штитат од експлоатација, всушност го зголемуваат нашето отцепување од него и овозможуваат поголеми

експлоатации, злоупотреба и работа под присилби во самата индустрија. Не третираат како законски `малолетници`, како да не сме способни да носиме издржани одлуки.

Бараме крај на законите кои не криминализираат нас и оние за и со кои работиме, организаторите и менаџерите кои работат правилно, нашите клиенти и нашите семејства.

Бараме крај на законите со кои ни се одбива правото на слобода на движење во самите држави и надвор од нив.

Бараме право на можност за индивидуална или колективна работа; затоа што и независни работници и како вработени некаде, имаме потреба од целосна заштита на нашите работнички права.

Го бараме правото на можност за изнајмување места на кои ќе работиме, да ги рекламираме нашите услуги и да им плаќаме на оние кои ни вршат услуги.
Бараме право на сопствена одлука за тоа како ќе ја користиме својата заработувачка. Бараме право да ја користиме нашата заработувачка за нашето семејство и сакани.

Бараме бизнисите за сексуална работа да се регулираат согласно стандардните деловни кодови, под кои кодови би се регистрирале бизнисите, а не сексуалните работници.

Бараме право да поминуваме време на јавни места и ја поддржуваме иницијативата за назначени јавни места за улична сексуалната работа, во консултација со и согласност од сексуалните работници, притоа без да им се попречува правото на избор на работно место на сексуалните работници.

Го браниме нашето право на ненасилни клиенти кои ќе ги купуваат нашите сексуални услуги.

Со цел да ја направиме сексуалната работа безбедна професија, бараме да се воведат закони против измамите, прислбите, детско сексуално злоупотребување, насилства, силувања и убиства во сексуалната индустрија.

## Историја на Манифестот на сексуалните работници во Европа

Како одговор на се́порепресивните закони, политики и пракси во цела Европа, една мала група сексуални работници и нивни пријатели се собраа во Холандија во 2002 со цел да организираат конференција на која сексуалните работници ќе добијат простор да се изјаснат за своите проблеми. Оваа мала група објави повик до сексуалните работници низ Европа и до сите проектите за сексуална работа и застапници на правата на сексуалните работници со молба да им се придружат. Се оформи Организациски Комитет, дел поголем дел од членството беа сексуални работници. Како правно тело, Меѓународниот Комитет за правата на сексуалните работници во Европа, беше создаден со цел да се соберат фондови и да се организира конференцијата.

Комитетот одлучи дека со конференцијата сака не само да им даде можност на сексуалните работници да се искажат, туку и да создаде алатки кои сексуалните работници ќе можат да ги користат во одбрана на своите права низ Европа и да воспостави сојузништва со организациите за човекови права, работни права и за мигранти. Една од алатките кои комитетот реши да ги развие беше

- Манифест на сексуалните работници – создаден од самите сексуални работници во кои се дава нивната заедничка визија за еднакво и праведно општество

Комитетот спроведе едногодишна консултација со сексуалните работници низ Европа, по што резултатите се собраа. Ставовите за кои се договорија повеќето сексуални работници беа искористени за да изготви овој манифест, кој потоа би се дискутирал на конференцијата.




**Манифестот на сексуалните работници е изготвен и прифатен од 120 сексуални работници од 26 земји на Европската Конференција за сексуална работа, човекови права, труд и миграција, одржана на 15 и 16 Октомври 2005 и презентиран на третиот ден од конференцијата, водена од Моника Фрасони, Италијански член на Европскиот Парламент, Зелени – Европска слободна алијанса во Европскиот Парламент, на 17 Октомври 2005.**

### Иднината

Манифестот на сексуалните работници во Европа ќе се дистрибуира низ Европа и преку вебсајтот sexworkeurope, првично на Англиски. Сексуалните работници го преведуваат овој документ и на Француски, Германски, Руски и Шпански (другите јазици на конференцијата). Се надеваме дека во иднина ќе организираме превод и на другите јазици кои се користат во Европа.

За повеќе информации посетете го www.sexworkeurope.org или на адресата manifesto@sexworkeurope.org
Поштенски фах 51319, 1007 EH Амстердам, Холандија